ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ ЗА ИЗГРАДБА И ОДРЖУВАЊЕ
НА ЈАВЕН ПРОСТОР ЗА ПАРКИРАЊЕ И УРЕДУВАЊЕ
И ОРГАНИЗИРАЊЕ НА ЈАВЕН ЛОКАЛЕН ПРЕВОЗ
НА ПАТНИЦИ ВО ОПШТИНАТА БИТОЛА

БР. 05-205/5
03.07. 2023 год.
Битола

Друштво за производство,трговија и услуги
ЕУРО ВИЗИФ увоз-извоз ДООЕЛ
Бр. 69/1
03.07. 2023 год
Скопје

Договор за јавна набавка на стоки
Боја за одржување на хоризонтална сигнализација

Договорни страни:

1. Јавно претпријатие за изградба и одржување на јавен простор за паркирање и уредување и организирање на јавен локален превоз на патници во Општина Битола Битола, адреса ул.Солунска 83-а Битола, лице за контакт Татјана Трајчевска тел/моб. 047 222 999; 077 824 445, електронска адреса jppjlp.bt@gmail.com, Битола, застапувано од директорот Зоран Михајловски, како набавувач, во понатамошниот текст Договорен орган, од една страна и

2. ЕУРО ВИЗИФ Скопје, ул Христо Татарчев бр. 47-лј/21 Скопје, застапувано од Одговорното лице, Зоран Смуткоски, како добавувач, во понатамошниот текст Носител на набавката, од друга страна.

Предмет на договорот

Член 1

Предмет на овај договор е јавна набавка на боја за одржување на хоризонтална сигнализација според тендерската документација, техничките спецификации и понудата на Носителот на набавката по спроведена постапка со Набавка од мала вредност преку ЕСЈН.

Основ на договорот

Член 2

Основ на овај договор е спроведена постапка за јавна набавка на Договорниот орган со број на оглас 09314/2023 година.

Понудата на Носителот на набавката, тендерската документација и техничките спецификации по јавната набавка на Договорниот орган број 09314/2023 се составен и интегрален дел на оваа договор.

Носителот на набавката е врзан за понудата, тендерската документација и техничките спецификации и истите се во важност за целото времетраење на оваа договор.

Количини и единечни цени

Член 3

Постигнати цени по е-аукција за набавка на: Боја за одржување на хоризонтална сигнализација за Дел 1 – Бела боја за обележување хоризонтална сигнализација и разредувач:

| Реден број | Опис | Единица мера | Количина | Цена без ддв | Вкупно без ддв |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Боја за патишта - Бела | килограм | 15000 | 157,00 | 2.355.000,00 |
| 2 | Соодветен разредувач | литар | 2500 | 185,00 | 462.500,00 |
| | | | Вкупно | | 2.817.500,00 |
| | | | ДДВ | | 507.150,00 |
| | | | Се вкупно | | 3.324.650,00 |

Вредност на договорот

Член 4

Вкупната вредност на овај договор согласно проценетата вредност на набавката во Одлуката за јавна набавка, односно добиената вредност на избраниот понудувач изнесува:

- вкупно без ДДВ 2.817.500,00 денари;
- Вкупно со ДДВ 3.324.650,00 ден.

Времетраење на договорот

Член 5

Договорот се склучува за временски период од 12 месеци сметано од денот на неговото потпишување или до негово вредносно исполнување, во зависност од тоа што попрво ќе истече или ќе се исполни.

Права и обврски на договорните страни

Член 6

Правата и обврските на договорните страни кои произлегуваат од овој договор стапуваат на сила на денот на потпишувањето на договорот од двете договорни страни.

Носителот на набавката е должен договорот да го реализира во согласност со техничките спецификации по спроведена постапка за јавна набавка на Договорниот орган со број на оглас 09314/2023 за набавка на стока-боја за обележење на патишта и паркиралишта.

Договорниот орган не смее да бара, а Носителот да испорачува стока која не е опфатена со овој договор.

Носителот на набавката се обврзува стоките предмет на овој договор да ги испорача навремено и квалитетно.

Двете страни се должни да ги извршуваат своите обврски и се одговорни за нивното исполнување.

Двете страни се должни да се воздржуваат од постапките со кои можат на другата страна да и предизвикаат штета.

Начин на реализација на спогодбата

Член 7

Договорот ќе се реализира сукцесивно спрема потребите на Договориот орган за целиот период на времетраење на овој договор, со предходна нарачка испратена по e-mail или по пошта до Носителот на набавката, а одобрени од страна на одговорното лице директорот на Договорниот орган.

Нарачките ќе бидат според условите по спроведена постапка за јавна набавка на Договорниот орган бр.09314/2023 и истите ќе останат непроменети за целото времетраење на договорот.

Начин, рок и место на испорака

Член 8

Носителот на набавката е должен предметот на договорт да го испорачува во рок од 5 дена од денот на добивање на писмена нарачка испратена од страна на лицата задолжени за следење на реализација на Договорот во Договорниот орган, по e-mail или по пошта, а одобрени од страна на одговорното лице директорот на Договорниот орган.

Носителот на набавката е должен стоките согласно потребите на Договорниот орган, во магацинот на Договорниот орган, ул.Солунска бр.83-а Битола, со документ Испратница.

Договорниот орган и Носителот на набавката се согласни рокот предвиден во овој член да се третира како задолжителен елемент на оваj договор за јавна набавка на стоки.

Начин и рок на плаќање

Член 9

Договорниот орган плаќањето го врши вирмански, по испорака на стоката, во рок 60 дена од денот на приемот на фактурата во архивата на Договорниот орган, придружена со валидна Испратница за испорачани стоки.

Носителот на набавката фактурата, поткрепена со примерок од Испратницата потпишана од овластените лица на двете договорни страни, ја доставува до Договорниот орган на следната адреса: ЈППЈЛП Битола, ул.Солунска бр.83-а Битола, Архива, со назначување на бројот и датумот на договорот, како и количини и единечни цени, со посебно искажан ДДВ.

Договорниот орган го задржува правото да ја врати фактурата доколку не е комплетна и да поднесе рекламација на пресметката на фактурата во рок од 8 дена, сметано од денот на приемот на фактурата.

Квантитативна и квалитативна контрола

Член 10

Квалитативен и квантитативен прием на стоката од член 1 од овој договор врши Договорниот орган, со документ (Испратница) потпишана од двете договорни страни. Испратницата се изготвува во 3 примероци, по еден примерок за двете договорни страни и еден примерок кој Носителот на набавката го доставува со фактурата.

Договорниот орган го задолжува правото, при приемот на стоката на вообичаен начин истата да ја прегледа во присуство на Носителот на набавката и за видливите недостатоци во рок од 8 дена да го извести Носителот на набавката.

Недостаток на стоката постои:

- ако стоката ги нема потребните својства за негова редовна употреба,
- ако стоката ги нема потребните својства за особената употреба за која ја набавува Договорниот орган,
- ако стоката ги нема својствата и одликите што се изрично договорени, односно пропишани, и
- кога Носителот на набавката предал стока која не е соодветена на техничките спецификации.

Доколку по приемот на стоката, Договорниот орган открил некој недостаток што не можел да се открие со вообичаениот преглед при преземањето на стоката (скриен недостаток), Договорниот орган е должен за тој недостаток да го извести Носителот на набавката во рок од осум дена, сметајќи од денот кога го открил недостатокот, но не подоцна од шест месеци од предавањето на стоката.

Во случај на неисправност или недостаток на стоката, Договорниот орган има право да бара:

- Замена на стоката со нова неупотребувана иста таква стока или
- Раскинување на договорот и враќање на платениот износ.

Носителот на набавката е должен на Договорниот орган да му ја надомести штетата предизвикана поради неисправноста или недостатоците на стоката која е предмет на овај договор согласно Законот за облигациони односи и Законот за заштита на потрошувачи.

Виша сила

Член 11

Ниту една од договорните страни нема да биде одговорна за неисполнување на овај договор до кое би дошло заради виша сила.

Ако една од договорните страни е спречена во исполнувањето на своите обврски заради виша сила должна е во рок од 24 часа писмено да ја извести другата страна, со наведување на причините за вишата сила и по можност обезбедување на соодветен доказ.

По отстранување на вишата сила договорот може да се реализира по потреба со заеднички прифатено дополнување или да се раскине договорно.

Раскинување на договорот и договорна казна

Член 12

Кога една од договорните страни нема да ја исполни својата обврска другата договорна страна може да бара исполнување на обврската или да го раскине договорот без отказен рок.

Договорната страна која поради неисполнување на договорните обврски бара продолжување на исполнување на обврската или раскинување на договорот, должна е тоа да и го соопшти на другата договорна страна без одлагање, по писмен пат.

Кога Носителот на набавката ќе задоцни со исполнување на својата обврска по договор, ќе му ја плати на Договорниот орган евентуалната разлика во цена ако се појави со воведување на друг економски оператор во реализацијата на единичниот договор.

Во услови кога Носителот на набавката повторно нема да ја исполни својата обврска по договор и/или повторно ќе задоцни со исполнување на својата обврска по договорот, ќе му ја плати на Договорниот орган евентуалната разлика во цена ако се појави со воведување на друг економски оператор во реализацијата на единичниот договор како и договорна казна во висина од 5% од вкупната вредност на единечниот договор, без ДДВ.

При наредно задоцнување на исполнување на обврска или неисполнување на било која друга обврска по договорот по вина на Носителот на набавката, Договорниот орган го раскинува договорот и наплаќа договорна казна во висина од 5% од вкупната вредност на договорот без ДДВ.

Договорниот орган го задржува правото да бара и надомест на штета што би ја претрпел поради тоа, согласно Законот за облигациони односи.

<u>Решавање на спорови</u>

Член 13

Двете страни се согласни сите евентуални спорови и недоразбирања кои би произлегле од овај договор, да ги решаваат во духот на добрите деловни обичаи со меѓусебно договарање.

Доколку тоа не е можно, спорот ќе го решава пред надлежниот суд во Битола.

<u>Корупциско или измамничко однесување</u>

Член 14

Договорните страни се согласни да ги применат највисоките стандарди за етичко и законито однесување за време на реализацијата на овај договор.

<u>Преодни и завршни одредби</u>

Член 15

Сите права, обврски и одговорности кои произлегуваат за договорните страни, а кои не се наведени во договорот соодветно ќе се применуваат одредбите содржани во прилозите (наведени во став 1 на овој член) кои се составен и интегрален дел на оваа спогодба.

Член 16

За се што не е предвидено со овај договор ќе се применуваат одредбите од Законот за облигационите односи и другите позитивни законски прописи во Р.С.Македонија.

Член 17

Измени и дополнувања на договорот може да се вршат со заедничка согласност на двете договорни страни по писмен пат.

Член 18

Овај договор е склучена во 4 (четири) истоветни примероци, 2 (два) за Договорниот орган и 2 (два) за Носителот на набавката.

ДОГОВОРЕН ОРГАН

ЈППЈЛП Битола
Директор

---------------------------------

НОСИТЕЛ НА НАБАВКАТА

ЕУРО ВИЗИФ Скопје
Управител

---------------------------------